Изработила: Сузана Милошева - Левкова

<table>
<tr><td colspan="2">Седмица: 4
Датум:</td><td>Час: 8</td><td colspan="3">Тема 1: Основи на користење компјутер и друга ИТ
Наставна единица: Работа со датотеки и папки</td><td>Одделение:
IV</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнувањата</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>10 мин.</td><td rowspan="3">Да прави разлика меѓу датотека и папка;

да се оспособи за основни операции во оперативниот систем</td><td><u>Сите можат:</u>
да дадат пример за организација на предметите кои ги користат</td><td>Разговараме за детската соба на учениците. Дали во неа има многу книги? Дали книгите ги чувате на полици, во фиоки или пак ги чувате расфрлани на подот? Каде стојат вашите предмети дома и дали лесно можете да го најдете предметот што го барате? Најава на целта на часот.</td><td>З
метод на разговор</td><td rowspan="3">Компјутери

Учебник</td><td>Прашања
Одговори</td></tr>
<tr><td>20 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u>
знаат што е датотека и папка;

да креираат документ и папка, да им определат локација и да ги именуваат;

да прават разлика помеѓу датотека и папка;</td><td>Како во детската соба, така и во компјутерот, документите треба да бидат уредно наредени. Книгата во детската соба е исто како и датотека - file во компјутерот. Фиоките во детската соба имаат иста улога како и папките - folder во компјутерот.
• Активности за креирање папка со документи на десктоп. Учениците работат во парови. Ги вклучуваат компјутерите, чекаат да стартува ОС и ги прават следните чекори зададени од наставникот.
- Креираат папка со десен клик на работната површина и ја именуваат со нивното име. Со лев двоен клик влегуваат во неа.
- Со десен клик во папката креираат нов документ со Креирај документ > Празна датотека и ја именуваат со име <u>Проба 1.</u>
- Во истата папка креираат нов документ и го именуваат со име <u>Проба 2.</u> На сличен начин креираат други два документи и ги именуваат со Проба 3 и Проба 4.
- Во истата папка креираат неколку нови папки и ги именуваат на пр. јануари, февруари и март.
Заедничко резимирање на активностите и донесување заклучок: Секоја датотека и папка имаат свое име, локација и големина. Името и локацијата зависат од корисникот. Големината на датотеките зависи од количината на податоците што ги содржи, а големината на папката зависи од вкупната големина на датотеките во неа.</td><td>И
метод на објаснување

П
метод на работа со компјутер

З
метод на дискусија</td><td>Набљудување

Дискусија</td></tr>
<tr><td>10 мин.</td><td><u>Некои можат:</u>
да објаснат за ограничувањата во именување нови документи</td><td>Ги утврдуваме знаењата стекнати на часот: Како се вика првиот документ што го креиравме? Која е локацијата на документот Проба 1? Која е неговата големина? Во истата папка креирајте нов документ со име Проба 1. Дали ви успеа?</td><td>И
метод на практична работа со компјутер</td><td>Прашања
Одговори
Набљудување</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги/групи/ возраста</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: разговор за организација на просторот во кој живеат
Главен дел: во парови креираат документи и папки, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап
Завршен дел: утврдување на знаењата и објаснување за креирање документ со исто име</td><td colspan="3">Напоменувам доколку креираме документ во одредена програма тогаш до името на документот стои и наставка која ја задава програмата во која е креиран документот.
За дома да креираат документ во програма за цртање, да го сочуваат и да ги воочат составните делови на името на документот.</td><td>датотеки, папки, име, локација, големина, креирање, преместување</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk